ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО **2020** ГОДИНА

Илинден, Јануари 2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 36 став 1 алинеа 4 и член 39 став 2 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/10), Градоначалникот на Општина Илинден поднесува

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН ВО **2020** ГОДИНА

Општина Илинден во 2020 година реализираше повеќе капитални приоритени проекти и покрај потешкотиите во работењето на локалнта самоуправа која ги предизвика глобалната пандемија од коронавирусот КОВИД 19.

Активностите и комуникацијата се одвиваа во специфични околности кои налагаа дополнителни напори во реализација на зацртаните и планирани проекти, со кои се подобруваат услови за стопанисување, образование и детска заштита, одржлив локален економски развој како и поквалитет живот на граѓаните.

Во 2020 година бевме насочени кон реализација на проекти во повеќе области, во делот на згрижување на деца од предучилишна возраст – изградивме и пуштивме во употреба нов објект на детска градинка и воведовме згрижување во најмалата група „јасли“, инвестиции во подобрување на условите во образованието, подобрување на патната комуналната и енергетската инфраструктура, подобрување на инфраструктурата во стопанските комплекси и во локалните економски зони, изградба на фекалната канализација и пречистителни станици, изградба на ситем за гасификација на локалните економски зони, нивелирање и одржување на отворените одводни канали.

Општина Илинден како Отворена, транспарентна и одговорна локална самоуправа својот успех го мери според Европски и Светски стандарди преку критериумите: стандард на граѓаните, квалитет на живеење, ниво на здравствена заштита, образование, згрижување на деца од предучилишна возраст, животен стандард, вработеност, ниво на екстремна сиромаштија.

- **Работа на Советот на Општина Илинден**

Во текот на 2020 година Советот на Општина Илинден одржа 12 редовни седници на кои беа донесени 99 одлуки.

- **Буџет на Општина Илинден за 2020**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН 2020 година**

**СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ**

| | |
|---|---|
| ДАНОК НА ИМОТ И ДОХОД | 58.432.502,00 |
| КОМУНАЛНИ НАДОМЕСТОЦИ И ТАКСИ | 40.833.960,00 |
| КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 4.266.039,00 |
| ТРАНСФЕРИ | 28.449.304,00 |
| ДОТАЦИЈА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 90.617.000,00 |
| ДОТАЦИЈА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 28.897.000,00 |
| ДОТАЦИЈА ЗА ДЕТСКА ГРАДИНКА | 25.971.000,00 |
| НЕДАНОЧНИ И САМОФИНАНСИРАЧКИ ПРИХОДИ | 4.578.217,00 |
| ДОНАЦИИ | 2.534.730,00 |
| **ВКУПНО** | **284.579.752,00** |
| ПОЧЕТНО САЛДО НА 01.01.2020 година (пренесени приходи од 2019 г.) | 74.955.279,00 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **359.535.031,00** |

**СТРУКТУРА НА РАСХОДИ**

| | |
|---|---|
| 110.626.685,00 | КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ |
| 71.663.318,00 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| 13.737.944,00 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| 22.841.885,00 | ДЕТСКА ГРАДИНКА |
| 21.461.336,00 | ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ |
| 16.594.755,00 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ |
| **256.925.923,00** | **ВКУПНИ РАСХОДИ** |
| 102.609.108,00 | КРАЈНО САЛДО на 31.12.2020 година (пренесени приходи во 2021 г.) |
| **359.535.031,00** | **ВКУПНО** |






## ИЗВОРИ ЗА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ
2020




## ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН
БУЏЕТ 2005 - 2020



**Општинска администрација**

Општинската администрација е распоредена во седум одделенија со вкупно 30 вработени административни службеници кои опслужуваат повеќе од 20 000 жители, или 5 400 домаќинства и 850 правни субјекти и компании.

- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Одделение за поддршка на Градоначалникот, нормативно правни и општи работи;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за урбанизам;
- Одделение за локален економски развој, јавни и комунални дејности и заштита на животната средина;
- Одделение за инспекциски надзор-инспекторат;
- Одделение за внатрешна ревизија;

➢ **Јавни набавки**

Согласно Годишниот план за јавни набавки за 2020 година и Планот за измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година беа спроведени 35 постапки за јавни набавки.

Вкупно 140 понудувачи или по 4 понувачи во секоја јавна набавка, доставиле понуди за учество во постапките за доделување на договори за јавни набавки во 2020 година.

➢ **Легализација**

Од стапувањето на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објкети, во март 2011 година во Општина Илинден поднесени се 6 152 барања за легализација на бесправно изградени објекти.

Со Законските измени и продолжување на рокот во 2015 година поднесени се нови 716 барања, како и со дополнителното продолжувањето на рокот во 2018 година поднесени се уште 248 барања, со што вкупно во Општината има доставено 7 116 барања за легализација на бесправно изградени објекти, од кои вкупно се решени 5 626 барање или околу 80% .




Дијаграм: Легализација на бесправно изградени објекти по години

- **Одобренија за градење**

Во текот на 2020 година издадени се вкупно 43 одобренија за градба, од кои 10 за изградба на стопански објекти, 5 за инфраструктурни објекти и 28 одобрение за изградба на објекти за домување.

**ОДОБРЕНИЈА ЗА ГРАДБА**

| 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 76 | 136 | 109 | 95 | 70 | 60 | 62 | 89 | 220 | 206 | 121 | 60 | 93 | 53 | 43 | 1493 |




Дијаграм: Издадени одобренија за градење на години

- **Подобрување на локалната патна инфраструктура**

Интензивните инвестиции и вложувања во квалитетна патна инфраструктура придонесуваат за одржлив локален економски развој, обезбедување подобри услови за влез на домашни и странски инвестиции и овозможување квалитетен живот за сите учесници во локалната заедница.

Во текот на 2020 година извршена е изградба, реконструкција, рехабилитација и санација на 24 локални патишта и улици во вкупна должина од 6895 метри, односно асфалтирана е површина на локална патна инфраструктура од 25 530 м$^2$.

Изградена е пешачка патека во должина од 1000 метри со која е опфатена површина од 2126 м$^2$.

За овие активности реализирани се финасиски средства во висина од 50.332.854,00 денари.

- Изградба на општински патишта и улици- 1200 метри;
- Реконструкција, рехабилитација и санација на локални патишта и улици – 4935 метри;
- Изградба на улици во стопански комплексии локални економски зони- 760 метри;

Изграден и асфалтиран е локален пат за поврзување на Бујковци со локален пат Ајватовци – Мршевци, во должина од 1200 метри, заедно со канал за зафаќање на атмосферските води, како и извршено е асфалтирање на патот кон гробиштата во Бујковци и делот околу црквата.

На локалниот пат Илинден – Ајватовци извршена е санација во должина од 1000 метри, а во рамките на асфалтирањето изработен е канал во должина од 500 метри со цел да се зафатат атмосферските води во овој дел на општината.

Извршена е реконструкција на најоштетениот дел од коловозот на локалниот пат Кадино – Бунарџик во должина од 180 метри.

Изградена е пешачка патека во должина од 1000 метри на дел од улица „500” во Марино и дел од улица „11” во Кадино, при што извршено санација, односно проширување на овој локален пат што значително придонесе за зголемување на безбедноста во сообраќајот, како на пешаците така и на возачите.

Во рамките на реализацијата на Проектот подобрување на инфраструктурата во стопанските комплекси и локалните економски зони во Стопански комплекс Илинден реализирано е асфалтирање на улица „5” со должина од 450 метри, и во локалната економска зона Ограѓа асфалтирање на улица „9“ во должина од 310 метри,.

Целосно се санирани и асфалтирани 8 краци на улица „8“ во вкупна должина од 1250 метри, кои беа оштетени при изградбата на новиот сегмент на фекална канализација во Кадино .

Во делот на улици оштетени од фекална канализација, извршено е асфалтирање и на крак 1 на улица „500” во Марино со должина од 110 метри, на крак 5 на улица „8” во Илинден со должина од 140 метри, на улица „411“ во Марино со должина од 150 метри, крак што ги спојува улица „10” и улица „11” во Кадино со должина од 220 метри, како и на улица „10” крак 2 во должина од 80 метри.

Вкупно санирана и асфалтирана површина на овие локални улици изнесува 17 040 $м^2$.





*Фотографии од активности за подобрување на локнатa патна инфраструктура*

- **Изградена и пуштена во употреба е нова детска градинка во Миладиновци**

Нова детска градинка е изградена и пуштена во употреба во населено место Миладиновци, која е клон на постоечката детска градинка „Гоце Делчев”.

Вкупната инвестиција за реализација на овој капитален проект кој е реализиран во соработка со Министерството за труд и социјална политика изнесува 33 милиони денари, од кои од буџетот на општина Илинден се инвестирани 27 милиони денари за фазите: архитектура, изградба на новиот објект и обезбедување на комплетна инфраструктура, хортикултурно и партерно уредување, како и асфалтирање на паркинг просторот пред градинката.

За опремување на занималните и кујната во детската градинката, како и поставување на машинска опрема за греење и ладење на објектот, Министерството за труд и социјалана политика инвестира средства во висина од 6 милиони денари.

Градинката е високо енергетски ефикасен објект во кој е инсталиран систем за греење и ладење со топлински пумпи кој ги задоволува највисоките стандарди.

Објектот на новата градинка се простира на површина од 540 м$^2$, располага со 4 занимални и има капацитет да згрижи 90 деца. Во насока на почитување на протоколите во овој период градинката ќе згрижува 75 деца.

Во три занимални се згрижуваат деца на возраст од 2 до 6 години додека во една занимална  се згрижени најмалите дечиња на возраст од 9 месеци до 2 години односно воведена е група- јасли.

Во детската „Гоце Делчев“, истотака воведовме „јасли“, односно овозможивме во две занимални згрижување на деца од најмалите групи на возраст од 9 до 24 месеци, како резултат на обезбедени просторни услови кои произлегоа со изградбата на новата градинка во Миладиновци.

Капиталните инвестиции во предучилишните установи за згрижување на деца од предучилишна возраст и образованието, се наша трајна определба во реализација на нашата визија, општина Илинден да биде економски силна и конкурентна општина.



*Фотографија од новата детска градинка во Миладиновци*

- **Изградба на фекална канализација и пречисителни станици**

Реализацијата на капиталниот проект „Изградбата на фекална канализација со пречистителни станици“, е еден од приоритетите во стратешките цели на општина Илинден и претставува капитална инвестиција. Инвестирањето во комуналната инфраструктура е од витално значење за унапредување на заштита на животната средина, подобрувањето на квалитетот на живеење како и интензивирање на локалниот економски развој.

За таа цел во текот на 2020 година се работеше на изградба на канализациска мрежа во населените места Илинден, Кадино и Миладиновци, при што изградени се вкупно 7.752 метри фекална канализација, 4 препумпни уреди, 1 пречистителна станица со капацитет од 1250 еквивалент/жители во Миладиновци, како и приклучени се 370 домаќинства на фекалната канализација.

Досега во општина Илинден изградена е вкупна канализациска мрежа во должина од 30.000 метри, изградени се 5 пречистителни станици, во 4 населени места (Илинден, Марино, Кадино и Миладиновци), како и приклучени се вкупно 1520 домаќинства.

Во тек е изградба на нова пречистелна станица во населеното место Кадино со капацитет од 1250 еквивалент/жители, која се планира да биде готова и пуштена во функција до март 2021 година.

Дополнително се гради нов колекторски систем во должина од 5.000 метри, кој се гради покрај Главниот отворен канал, којшто поминува низ средината на населените места Илинден и Марино, и ќе ги зафати отпадните фекални води кои се испуштаат во одводниот канал.

Паралелно со изградбата на колекторскиот систем ќе се отпочне и со изградба на пречистителна станица со капацитет од 2500 еквивалент/жители. Овие модуларни пречисителни станици кои ги применуваме во општиан Илинден имаат можност да се прошират и ндргградат во зависност од потребата и капациттот на канализацискиот систем. Колекторскиот системот со пречисителнта станица треба да биде завршен до септември 2021 година и на него ќе имаат можност да се приклучат околу 1130 домаќинства.

Истотака се работи на поврзување и прифаќање на отпадните феклани води во постоечкиот колекторски ситем во Миладиновци, кој се протега во должина од 2.500 метри по течението на Сува река, и негово поврзување со пречистителната станица, со што ќе се овозможи приклучување на нови 410 домќинства.

Со реализацијата на овие проекти, повеќе од 60% од домаќинствата во општина Илинден ќе бидат приклучени на систем за фекална канализација со пречистување на отпадни води, што само за споредба, според официјални податоци, целата територија на Македонија е само 18% покриена со фекална канализација.







*Фотографии од изградба на колекторискиот систем Илинден-Матино*

- **Модернизирање и проширување на водоводниот систем**

Во рамките на Проектот модернизирање и проширување на водоводниот систем, извршено е поврзување и интеграција на постоечкиот водоводен систем со два нови водоводни системи, односно водоснабдителните системи преземени од ОКТА и од Технолошко индустриската развојна зона (ТИРЗ), со што се овозможи зголемување на капацитетот на водоводна мрежа на територија на општина Илинден од 150 литри во секунда на 430 литри во секунда, како и капацитетот на резервоарите за вода од 1600 $м^3$ на 8100 $м^3$ што претставува значаен потенцијал за следење на понатомошниот брз економски развој на општината.

Паралелно со проширувањето на капацитетот на водните ресурси, извршено е проширување и на водоводната мрежа со вкупна должина од 2.170 метри заради приклучување на нови физички и правни лица во населените места, при што бројот на водоводните корисници се зголеми за нови 150 и ја достигна бројката од 8.206 корисници, односно од водоводните системи на ЈКП „Водовод“ н.Илинден се снабдуваат со чиста и здрава вода за пиење приближно 30.000 жители од општините Илинден, Петровец и Гази Баба.

Најголем дел од проширувањето на водоводната мрежа беше изведено во локалитетот Јака, каде што во последните две години беа изградени над 4.000 метри нова водоводна мрежа, со што се создадоа услови за приклучување на над 250 домаќинства од вкупно предвидените 332. Зголемувањето на капацитетот на постојната водоводна мрежа се изведува во согласност со динамиката на изградбата на ново предвидените станбени и комерцијални објекти.

Покрај проширувањето на водоводната мрежа започнати се активности за комплетна замена на цели делници од главната водоводна мрежа на потегот Кадино - Марино во вкупна должина од 600 метри, а ќе се продолжи со замена и во критичните делови од населба Илинден на ул. „9“, Марино на ул.„534“и Кадино на ул.„10“.

Обезбедувањето на квалитетна вода за пиење е еден од приоритетите во нашето работење, така што и во наредниот период ќе продолжиме со модернизација и подобрување на водоводниот систем.



- **Воспоставување на гасификацски систем, воведување на гасификација на стопанските објекти**

Капиталниот проект Воспоставување на гасификациски систем, воведување на гасификација на стопанските објекти е еден од приоритетите во нашето работење.

Во тек е реализација на втората фаза од овој проект, односно вкупно се изградени 4.120 метри, од предвидените 5.900 метри гасификациска мрежа со што ќе се поврзат локалните економски зони во Општина Илинден, со „Приклучна делница 176” од Технолошко индустриската развојна зона (ТИРЗ) во Бунарџик.

Во моментот се работи на втората фаза од овој проект, од кои досега се изградени 1.720 метри, од вкупно предвидените 3.500 метри, од

локалната економска зона Марино-Кадино до локалната економска зона Ограѓа.

Досега е завршена и пуштена во употреба првата фаза од проектот, односно изградбата на гасовод „Приклучна делница 17б” во должина од 2.400 метри од Технолошко индустриската развојна зона (ТИРЗ) до локалната економска зона Марино-Кадино.

Реализацијата на овој проект има за цел воведување на инсталации за стопанските објекти во локалните економски зони во Општината со цел да се овозможи користење на гасот како енергетски ресурс.



*Фотографија од гасификациски систем за локалните економски зони во општина Илинден*

- **Континуирано унапредување на образованието**

Во делот на образованието и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во трите основни училишта, како и Средното општинско стручно училиште „Илинден”, се реализираа поекти и активности кои овозможија следење и реализација на учебната 2020/2021 година, според сите протоколи поради пандемијата со Ковид 19. И покрај отежнатите услови кои ни ги наметна коронавирусот, образовниот процес во училиштата се одвива успешно и се реализира според сите протоколи.

Во јавни општински образовни установи на територија на општината обезбедивме нови интернет конекции со симетричен оптички интернет со брзина од 200Mbps/200Mbps, download и upload, со кои се исполнија условите за брзо и квалитетно следење на онлајн воспитно образовниот процес во училиштата.

Покрај училиштата, нови интернет конекции се инсталираа и во детската градинка „Гоце Делчев” во Илинден, како и во новоизградената детска градинка во Миладиновци.

Обезбедивме 30 лаптоп компјутери и 10.000 заштитни маски, во соработката со рафинерија АД ОКТА, со цел да се помогне непреченото одвивање на наставата во основните училишта на територијата на Општината.

Паралелно со овие активности го реализиравме проектот за целосна замена на постоечката кровна конструција на Општинското Основно уличиште „Гоце Делчев“ во н.Илинден, со нова покривна конструкција со површина од 2.500 метри квадратни.

Инвестицијата изнесува 6 милиони денари, со што се заменија старите азбестни табли кои имаат штетно влијание врз животната околина, со нов енергетско-ефикасен покрив на училиштето. Истовремено, извршивме замена на дел од оштетената постоечка конструкција на покривот и е поставена целосна изолација на покривот.



*Фотографија од извршена замена на кровната конструкција на општинското основно училиште „Гоце Делчев "*

- **Одржување на каналска мрежа**

Со цел да се обезбеди проточност на каналската мрежа, а во координација со Водостопанство-Скопско поле Скопје, ЈКП „Илинден" и граѓаните, во текот на минатата година исчистивме 43 километри отворени одводни канали што се наоѓаат на територија на Општината.




*Фотографија од чистење на отворени одводни канали*

## ➢ Проширување на мрежата за улично осветлување

Во рамките на активностите за проширување и реконструкција на мрежата за јавно осветлување, извршено е проширување на мрежата за улично осветлување во должина од 2.350 метри, при што се поставени нови 74 комплет улични светилки, а вкупното улично осветлување во Општината сега е во должина од 101.800 метри и вкупно 2.010 улични светилки.

## ➢ Локален Економски Развој-Продолжува инвестицискиот циклус

Инвестицискиот циклус во Општината не стивнува и покрај актуелната состојба со Ковид 19. И натаму сме една од најпривлечните инвеститорски дестинации во земјата и регионот, благодарение на континуираното создавање услови за влез на нови инвестиции и проширување на постоечките капацитети, како и создавање на поволна бизнис клима.

Во последните десет години во локалните економски зони и стопанските комплекси реализирани се повеќе од 200 реални инвестиции во лесната и незагадувачка индустрија, како и дополнителни инвестиции во областа на услужните и занаетчиските дејности, од кои 40 странски директни инвестиции (СДИ). Големиот број на инвестициите овозможија невработеноста во општина Илинден која во 2008 година изнесуваше 38%, во континуитет да се намалува, и денес да изнесува помалку од 3%.




*Дијаграм: Намалување на невработеноста по години*

Капацитетот на локалните економски зони е целосно исполнет, односно градежните парцели имаат свои сопственици каде што голем дел веќе се изградени и функционираат стопански субјекти, дел се во завршна фаза на градба, а дел се во фаза на отпочнување со градба.

Привлекувањето на инвеститорите во Општината се должи на интензивниот развој на економската инфраструктура, во делот на изградбата на транспортната, комуналната и енергетската инфраструктура во локалните економски зони во изминатиот период. Во таа насока е и реализацијата на капиталниот проект Воспоставување на гасификациски систем, воведување на гасификација на стопанските објекти.

Сите овие активности во рамките на локалниот економски развој (ЛЕР), директно придонесуваат за стабилност во реализацијата на приходите во Буџетот на општина Илинден. Согласно Централниот регистар на правни субјекти, во општина Илинден вкупно се регистрирани 736 фирми.

- **Општина Илинден меѓу првите во регионот за рециклирање на стаклена амбалажа**

Во рамки на регионалниот проект „Управување со отпад од пакување од стакло во Западен Балкан“, што се реализира од страна на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), што се спроведува во три држави: Србија, Македонија и Босна и Херцеговина, општина Илинден е една од првите шест општини и градови во регионот во кој ќе се спроведуваат активности за унапредување на системот на собирање на стаклена амбалажа и адекватен третман на овој отпад.

Целта на проектот е соработка во воспоставување синџир на вредности за собирање и рециклажа на отпад од стакло, како и едукација на граѓаните.

Со овој проект во општина Илинден ќе добие зелени контејнери популарно наречени „ѕвона“, за собирање и селекција на стаклената амбалажа. Контенерите ќе бидат распределени и поставени на јавни површини каде граѓаните ќе можат да вршат селектирање на стаклената амбалажа.

Со овој проект ќе се обезбедат големи придобивки и можности за вклучување и на бизнис заедницата во поцесот на рециклирање на стаклото.



*Фотографија од садови (контејнери) за примарна селекција на комуналниот отпад*

- **Управување со комуналниот отпад**

Еден од приоритетите во нашето работење е обезбедување квалитетни и ефикасни комунални услуги за потребите на граѓаните и стопанството. Во делот на комуналениот отпад кој се собира, со претходно извршена примарна и секундарна селекција, Јавното комунално претпријатие „Илинден“ го транспортира на депонијата „Дрисла“ којашто се наоѓа на растојание од 25 километри од Илинден.

Во текот на минатата година од страна на ЈКП „Илинден“ собрани,транспортирани и депонирани се 6.250 тони отпад.

Од вкупното количество собран, транспортиран и депониран комунален цврст отпад, 70-75% е отпад од домаќинствата, а 25-30% е отпад од правните субјекти.

Во изминатиот период за депонирање на комунален отпад во депонијата „Дрисла“ се издвоени средства во висиона 12 милиони денари.

ЈКП „Илинден“ спроведува и собирање растителен отпад од домаќинства, дворови, паркови, градини, бавчи и сл. при што се отстранети околу 3.000 $м^3$ растителен отпад.

## ПРОЕКТИ ВО НАЈАВА

1. **Изградба на ново основно училиште во населба Илинден;**

   ***Опис на проектот:*** Со проектот ќе ги подобриме условите во основните училишта, во насока на обезбедување поквалитетен образовен процес, со што ќе овозможиме наставата во училиштата да се одвива во една смена.

   Воедно ќе се создадат услови и за воведување на целодневна настава во општина Илинден;



2. **Изградба на колекторски систем Илинден-Марино во должина од 5000 метри;**

   ***Опис на проектот:*** Проектот има за цел изградба на колекторски системи покрај главниот отворен канал, којшто поминува низ средината на населените места Илинден и Марино, и ќе ги зафати отпадните фекални води кои се испуштаат во одводниот канал.

3. **Изградба на пречистителни станици за третман на отпадни фекални води;**

   ***Опис на проектот:*** Проектот има за цел изградба на две пречистителни станици на две локации:

   -Пречистителна станица со капацитет од 2500 еквивалт/жител за системот фекална канализација Илинден-Марино;

-Пречистителна станица со капацитет од 1250 еквивалт/жител за фекална канализација во Кадино;

4. **Изградба на патна и комунална инфраструктура во новата населба „Јака“;**

   ***Опис на проектот:*** Проектот има за цел изградба на патна инфраструктура, водовод и канализација во новата населба Јака.

5. **Реконструкција, проширување на коловоз и изградба на пешачка патека на улица “532” должина од 2000 метри;**

   ***Опис на проектот:*** Со проектот се планира реконструкција, проширување на коловозот и изградба на пешачка патека, како и поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација за зголемена безбеност во сообраќајот на улица “532”, која ги поврзува населените места Илинден-Марино-Кадино во должина од 2000 метри;

6. **Спортско-рекреативен парк-„Илинден“**

   ***Опис на проектот:*** Проектот е во насока на збогатување на спортско-рекреативната содржина во општината. Со активностите ќе се реализира доградба на скејт паркот како и поставување на спортски и фитнес реквизити на површина од 18 000 $м^2$.



7. **Зголемување на капацитетите за згрижување на деца од предучилишна возраст во детската градинка „Гоце Делчев”- Илинден.**

   ***Опис на проектот:*** Проектот има за цел да се реализираат активности за зголемување на капацитетите за згрижување на деца од предучилишна возраст, со надградба и проширување на детската градинка „Гоце Делчев”- Илинден.



8. **Гасификација-Воспоставување на гасификацски систем, воведување на гасификација на стопанските објекти;**

   ***Опис на проектот:*** Проектот има за цел изградба и поставување на гасификациска инфрастуктура за стопанските објекти во локалните економски зони и стопанските комплекси во општината, со цел да се овозможи користење на гасот како енергетски ресурс.

9. **Подобрување на патната инфраструктура (изградба, реконструкција, санација и рехабилитација на локални улици и патишта);**

   ***Опис на проектот:*** Проектот има за цел изградба односно рехабилитација, асфалтирање на локални улици и патишта во должина од 10 километри во сите населени места, како

и одржување, реконструкција и санација на постоечката патна инфраструктура која се протега на територија на Општина Илинден во должина од 306 километри.

10. **Подобрување на инфраструктурата во стопанските комплекси и локалните економски зони;**

***Опис на проектот:*** Со проектот се предвидува изградба на транспортна, комунална, енергетска и гасификациска инфраструктура во стопанските комплекси и локалните економски зони.

11. **Изградба на кружен тек во населба Илинден;**

***Опис на проектот:*** Проектот има за цел изградба на кружен тек во населба Илинден, со што ќе се овозможи одвивање на квалитетен и безбеден патен сообраќај за сите учесници;

**Општина Илинден**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски**

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден

Архивски број 08-192/1
од 25.01 2021 година